ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-371/1**

**Дата: 20.02.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА ( ПЕХЧЕВО, ЈЕГУНОВЦЕ, БОГОВИЊЕ, КОНЧЕ, ЛОЗОВО, РАНКОВЦИ, МОГИЛА, ЗРНОВЦИ, ВРАНЕШТИЦА, ОСЛОМЕЈ, ЗАЈАС И ВРАПЧИШТЕ)**

**Резиме на резултатите**

Ова известување претставува наше мислење по извршената ревизија на успешност која се однесува на активности поврзани со ефикасноста на утврдувањето и наплатата на сопствените приходи кај 12 единици на локална самоуправа. Со ревизијата се насочивме кон активности од области на утврдување и наплата на сопствените приходи кои се во надлежност на Општините и тоа кај: Пехчево, Јегуновце, Боговиње, Конче, Лозово, Ранковце, Могила, Вранештица, Осломеј, Зајас, Врапчиште и Зрновци.
Нашата ревизија на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година. Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2008 – 2010 година иако се дадени и состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно.

Резимето на резултатите ги сумира деловите од овој Нацрт извештај како што се Цели на ревизијата, Ревизорски наоди вклучително и дадените препораки со цел стекнување важни информации од извршената ревизија. Деталите за дадените информации се наоѓаат во споменатите поглавја на овој извештај.
Целта на ревизијата на успешност е да даде одговор на прашањето:

“Дали утврдувањето и наплатата на сопствените приходи кај 12 единици на локална самоуправа (Пехчево, Јегуновце, Боговиње, Конче, Лозово, Ранковце, Могила, Вранештица, Осломеј, Зајас, Врапчиште и Зрновци) се врши ефикасно и согласно законските прописи?“

*Ревизорски тим:*

1. ____________________________
2. ____________________________
3. ____________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________

Од подолу наведеното резиме на наодите формиран е и изграден дадениот одговор на ревизорската цел, во форма на мислење.

**I. Проблематично подрачје – Законска регулатива за финансирање на единиците на локалната самоуправа.**

Утврдивме дека постојниот законски концепт на уредување на локалните даноци и такси ја нагласува самостојноста во утврдувањето и наплатата на истите од страна на единиците на локалната самоуправа секако во законски утврдени рамки, што има влијание на висината на обезбедувањето на сопствените приходи. Ревидираните дванаесет општини без исклучок ги администрираат предвидените локални даноци и такси секоја според можностите на општината и економската моќ на населението, што секако е од значително влијание врз висината на остварените сопствени приходи на ниво на општина и нивното учество во вкупните приходи. За делот од приходите кои општините ги остваруваат како прилив добиен од правни лица или надлежни институции, утврдивме недостаток на соработка со субјектите што влијае на висината и целосноста на приходите кои ги добива општината и можноста да влијае и презема мерки во случај на грешки или неправилности.

Утврдивме низа недоследности во самиот начин на администрирање на локалните даноци, такси и надоместоци. Имено постојат единици на локалната самоуправа кои не извршиле целосно ажурирање на податоците за даночните обврзници, како и не преземаат мерки за присилна наплата што има значително влијание врз висината на остварените приходи. Истовремено, постојат единици на локална самоуправа кои не вршат поврзување на даночното со финансиското сметководство со што се оневозможуваат целосни податоци за состојбите во врска со остварувањето на приходите.

За дел од законски утврдените локални комунални такси, не постојат услови од страна на општините за нивно утврдување и наплата. Овие случаи се однесуваат на комуналната такса за јавна чистота како и за такса за користење на простор пред деловни простории и такса за реклами, објави и огласи.

Отсуството на примената на законски предвидените постапки при остварувањето на приходи од закупнина на општинскиот имот како и нецелосноста на податоците во поглед на приходот од концесија, влијае на нивото на остварени приходи по овој основ.

**II. Проблематично подрачје – Планирани и наплатени сопствени приходи за период 2008 – 2010 година.**

Со ревизијата потврдивме дека планирањето на приходите кај сите општини е нереално односно не се тргнува од реализацијата по години која треба да овозможи реална слика за нивото на финансиската моќ на самите општини.

Со анализите кои ги извршивме произлезе дека сите општини освен една се во целосна финансиска зависност од централната власт и трансферите кои се обезбедуваат од истата и без кои општините не можат да го обезбедат своето непречено функционирање.

Заклучоците произлезени од оваа ризична област укажуваат на фактот дека едностепената фискална децентрализација ги изедначува сите општини во Република Македонија како рурални така и урбани, во поглед на нивните права и обврски. Сепак практичното функционирање не е изедначено поради ограничените финансиски можности и капацитети на руралните општини во однос на урбаните.

**III. Проблематично подрачје – Организациска поставеност на ЕЛС.**

Сите ревидирани единици на локалната самоуправа својата организациска поставеност ја имаат усогласено со законските и подзаконските акти од областа. Присутен е проблемот на кадровската екипираност и воспоставување на принципот на поделба на одговорностите со цел подобрување во функционирањето на општината.
Кај ревидираните општини утврдивме пракса на склучување на договори за меѓуопштинска соработка. Најчести случаи се во областа на финансиското управување и сметководствените работи, инспекциските служби и внатрешната ревизија, но во практичното спроведување постојат потешкотии за интензивна соработка, што влијае на ефикасното функционирање кај општините за кои е остварена истата.

**IV. Проблематично подрачје – Контролни механизми.**

Отсуството на пишани интерни процедури како дел од контролните механизми како и нивното практично функционирање се ефектуира во неправилности и потешкотии во работењето на единиците на локалната самоуправа.

Утврдивме значајно влијание на контролните механизми во случаи кога истото е спроведено од надлежните институции од аспект на подобрување на работењето на општините.

**Значајни препораки**

Во функција на подобрување на состојбите и надминување на неправилностите ќе споменеме препораки кои самите општини треба да ги преземат, а со кои би се подобриле констатираните состојби кај утврдувањето и наплатата на сопствените приходи. Иницијативите кои ги препорачуваме се однесуваат на преземање мерки за: ажурирање на податоците за даночни обврзници за данок на имот, комунална такса за фирма согласно податоци од ЦР на РМ, усогласување на интерните акти со подзаконските акти од областа на уредување на градежното земјиште, обезбедување на плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати со инструменти за обезбедување на плаќањето, спроведување на законски уредени постапки за издавање на имот под закуп, реално и објективно планирање на приходите, воспоставување на пишани процедури за процесите на администрирање на локалните даноци и такси како и иницијативи за заедничка соработка со надлежните институции.

Имајќи ги предвид претходно наведените состојби, со ревизијата утврдивме значајни неправилности и слабости кои имаат негативно влијание врз процесот на администрирање на локалните даноци, такси и надоместоци и нивото на обезбедување на сопствените приходи. Сите субјекти почнувајќи од самите општини, надлежните институции и правните лица со посебни јавни овластувања вклучени во овој процес, имаат влијание врз утврдените и остварени сопствени приходи на ниво на општина односно степенот на финансиската самостојност на единиците на локалната самоуправа во однос на централната власт.